Друштво за производство,трговија и услуги
АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ
Бр. 03-20/2019
11.06 2019 год.
Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 26-132/12
22.05 2019 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# ДОГОВОР
## за набавка на набавка на услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна

## I. ДОГОВОРНИ СТРАНИ

1.**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА Скопје**, со седиште на ул. „Јордан Мијалков" П.Фах 249, Палата „Емануел Чучков", Скопје, со ЕМБС 5214114, претставуван од Насер Адеми, заменик главен државен ревизор (во понатамошниот текст: Договорен орган) и

2. **Друштво за производство, трговија и услуги АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје**, со седиште на Бул. „Партизански Одреди", бр. 48/4, Скопје, со ЕМБС 6904734, претставуван од Ѓорѓи Константинов, управител /во понатамошниот текст: Носител на набавката/

## II. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

**член 1**

Со овој договор се утврдуваат меѓусебните права и обврски на Договорниот орган и Носителот на набавката во врска со услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна, согласно Техничката спецификација и Понудата на Носителот на набавката доставена по спроведената електронска аукција, кои се составен дел на овој Договор, кои Носителот на набавката се обврзува да ги испорача, а Договорниот орган да ги преземе и плати во согласност со одредбите на овој Договор.

Под услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна, се подразбира:

- Изработка на новата веб страница, со нов дизајн и интерфејс, во сопственост на Државниот завод за ревизија, согласно техничката спецификација;
- Услуга за хостирање и одржување на новата веб страна на сервер кај економскиот оператор, за период од 3 (три) години;
- Обука на определените лица од Државниот завод за ревизија;
- Изработка на корисничко упатство (прирачник), за обучените лица.

## III. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

**член 2**

Вкупната вредност на договорот, изнесува 46.019,00 денари со вклучен ДДВ, односно 38.999,00 денари и износ на ДДВ од 7.020,00 денари, согласно понудата во прилог на овој Договор.

Во вкупната цена е пресметан данокот на додадена вредност, трошоците и сите други давачки.

## IV. НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

**член 3**

Начин на плаќање е вирмански, во рок до 60 дена по приемот на фактурата со приложена испратница, потпишана од страна на Договорниот орган и Носителот на набавката.

## V. РАЗЛИКИ ВО ЦЕНА (корекција на цени)

**член 4**

Не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## VI. РОК И НАЧИН НА ИЗВРШУВАЊЕ НА УСЛУГИТЕ

**член 5**

Носителот на набавката е должен да направи детална анализа на комплетните кориснички барања во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот.

Носителот на набавката во рок од 75 дена од денот на потпишување на договорот треба да достави три предлог решенија на дизајн на почетната страна (Home Page) на Државниот завод за ревизија.

По одобрување на дизајнот од Договорниот орган, Носителот на набавката треба да направи изработка на новата веб страна во рок од 60 дена од денот на одобрување на решението.

Носителот на набавката треба да ги мигрира сите документи и содржини од старата веб страна на новата веб страна 180 дена од денот на потпишување на договорот но не подолго од 15.12.2019 година.

Носителот на набавката треба да одржи обука на определените администратори од Државниот завод за ревизија и да изработи кориснички упатства.

Прифаќање на веб страната и изворниот код и пуштање во употреба 180 дена од денот на потпишување на договорот, но не подолго од 15.12.2019 година.

## VII. АВТОРСКИ ПРАВА

**член 6**

Новата веб страница на Државниот завод за ревизија може да биде изработена на бесплатна open source CMS платформа (WordPress, Drupal, Joomla и друго), или на друг CMS (content management system) со пренесени права врз програмскиот код (source code) на Државниот завод за ревизија.

Програмскиот код (source code) мора да биде соодветно документиран и спакуван во форма која за договорниот орган ќе овозможи лесно одржување и понатамошен развој или надградба на софтверската апликација. Носителот на набавката е должен при предавањето на програмскиот код на договорниот орган да

му испорача и алатки и програмска документација, која овозможува самостојно и независно програмирање и менување на функционалностите на системот (додавање и бришење на табови и подтабови, менување на бои и нијанси и слично), без интервенција на носителот на набавката.

## VIII. НАДОМЕСТ НА ШТЕТА

**член 7**

За доцнење на договорените рокови од член 5 на овој Договор, Носителот на набавката се обврзува да му плати на Договорниот орган надомест на штета во висина од 0,5% од вредноста на производот за секој ден доцнење, сметано од првиот ден на доцнење. Вкупниот износ на казнените пенали не може да премине 10% од вкупната вредност на Договорот.

## IX. ВИША СИЛА

**член 8**

Договорните страни се согласни ниту една договорна страна да не биде одговорна кон другата за загуба, штета, повреда или неизвршување на одредбите од овој Договор, кои се предизвикани со дејство на виша сила.

Под виша сила се подразбира она што е регулирано со Законот за облигациони односи.

Договорните страни се обврзуваат писмено да ја известат другата договорна страна во случај на настапување на виша сила во дејство и ќе договорат нови услови за исполнување или раскинување на Договорот.

## X.РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

**член 9**

Договорните страни се согласни да ги применат највисоките стандарди за етичко и законито однесување за време на реализација на овој Договор.

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска на начин како што е определено со одредбите од овој договор, другата договорна страна може да бара исполнување на обврската. Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата страна, писмено ќе побара исполнување на обврската и ќе остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Ако договорната страна не ја исполнила својата обврска ниту во определениот рок, ниту во дополнителниот примерен рок, другата договорна страна може да го раскине договорот и има право да бара надомест на штетата.

**член 10**

Договорната страна која поради неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата страна без одлагање и во писмена форма.

**член 11**

Сите евентуални недоразбирања кои можат да произлезат од овој Договор, договорните страни ќе ги решаваат спогодбено во духот на добрите деловни обичаи и со меѓусебно договарање, а во случај на спор кој не може да се реши спогодбено, за истиот за надлежен се определува надлежниот суд во Скопје.

## XI.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**член 12**

Овој Договор се смета за склучен и стапува во сила на денот на неговото потпишување од двете договорни страни, односно на денот кога е потпишан од договорната страна која последна го потпишала во случај кога договорот не е потпишан во истиот ден од двете договорни страни и важи до неговата целосна реализација.

**член 13**

За се што не е пропишано со овој Договор, ќе се применува Законот за облигациони односи и другите важечки прописи, кои имаат примена.

**член 14**

Овој Договор е изработен во 4 /четири/ еднообразни примероци од кои по 2 /два/ за Договорниот орган и 2 /два/ за Носителот на набавката.

ДОГОВОРЕН ОРГАН
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Заменик главен државен ревизор
Насер Адеми

НОСИТЕЛ НА НАБАВКАТА
Друштво за производство, трговија и услуги
АЛФАКОМ СОЛУЦИИ ДООЕЛ Скопје

Управител
Ѓорѓи Константинов

**Алфаком Солуции**
Партизански Одреди 48/4
1000 Скопје, Македонија
Мобилен +389 72 558881
sales@alfakom.mk

**Прилог 1 – Образец на понуда**

*[меморандум на понудувачот]*

Врз основа на огласот број 10/2019 објавен од страна на Државниот завод за ревизија, за доделување на договор за јавна набавка на услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна, со спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, со електронска аукција преку Електронскиот систем за јавни набавки (https://www.e-nabavki.gov.mk) и на тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I I.1. Име на понудувачот: **ДПТУ Алфаком Солуции ДООЕЛ Скопје**
I.2. Контакт информации
- Адреса: **Партизански Одреди 48/4, Скопје**
- Телефон: **078/286688**
- Фак: **N/A**
- Е-пошта: **alfakom.mk@gmail.com**
- Лице за контакт: **Ѓорѓи Константинов**

I.3. Одговорно лице: **Ѓорѓи Константинов**
I.4. Даночен број: **4057013523009**

**Дел II –Техничка понуда и финансиска понуда**

II.1.Согласни сме да ја понудиме следнава услуга:

| Ред. Бр. | Назив | Платформа (CMS) на која ќе се работи веб страната | Единечна мерка | Количина | Единечна цена без ДДВ | Вкупна цена без ДДВ | ДДВ | Вкупна цена со ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 (5x6) | 8 | 9 (7+8) |
| 1 | Изработка и дизајнирање на веб страна | Drupal Wordpress | услуга | 1 | 36845 | 36845 | 6632 | 43477 |
| 2 | Хостирање и одржување на веб страна | / | година | 3 | 718 | 2154 | 388 | 2542 |
| ВКУПНО | | | | | | 38999 | 7020 | 46019 |

* Задолжително се назначува видот на платформа (CMS) на која ќе се работи веб страната.

II.2. Вкупната цена на нашата понуда, вклучувајќи ги сите трошоци и попусти, без ДДВ, изнесува: 38999 (триесет и осум илјади и деветстотини деведесет и девет) денари. Вкупниот износ на ДДВ изнесува 7020 денари.

II.3. Ги прифаќаме начинот и рокот на испорака утврдени во тендерската документација.

II.4. Нашата понуда ваши за периодот утврден во тендерската документација. Се согласуваме со начинот на плаќање утврден во тендерската документација.

II.5. Со поднесување на оваа понуда, во целост ги прифаќаме условите предвидени во тендерската документација и приложениот модел на договор.

| Место и датум | Одговорно лице |
|---|---|
| _______________________ | _______________________ |
| | (потпис) * |

Gjorgji Konstantinov

Digitally signed by Gjorgji Konstantinov
Date: 2019.05.10 16:31:20 +02'00'

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Техничка спецификација**

**Набавка на услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна**

**Општи информации и барања**

Државниот завод за ревизија како Договорен орган и Нарачател на услугата има потреба од Набавка на услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна на Државниот завод за ревизија (www.dzr.mk).

Државниот завод за ревизија како Договорен орган има постоечка веб страница достапна на веб адресата http://www.dzr.mk.

Набавка на услуга за изработка, дизајнирање, хостирање и одржување на веб страна на Државниот завод за ревизија треба да опфати изработка на новата веб страница, со нов дизајн и интерфејс, во сопственост на Државниот завод за ревизија, согласно оваа спецификација.

Постоечката веб страница е хостирана и одржувана од локален провајдер. Како дел од понудата треба да биде вклучена и услугата за хостирање и одржување на новата веб страна на сервер кај економскиот оператор за период од 3 (три) години.

Носителот на набавката треба да понуди решение и модел на веб страницата чија функција треба да ги задоволи оптималните потреби и да го следи и исполни новиот современ тренд на веб страницата. Новата веб страница треба да има таканаречен прилагодлив (responsive) дизајн, односно потребно е да биде прилагодена за мобилни уреди, односно истата да има мобилна верзија која ќе биде активирана со пристап преку мобилен уред (мобилен смарт телефон Андроид или IOS оперативен систем, таблет PS, iPad и др.)

Носителот на набавката треба да ја пренесе архивската документација и објавените содржини од старата веб страница (www.dzr.mk) на новата веб страница. Потребно е да изврши нивно прилагодување и пристап за нивно користење, односно да направи комплетна миграција на содржините и документите од постоечката веб-страница (двете јазични верзии) и вметнување на истите на новата веб страница (двете јазични верзии).

Носителот на набавката треба да спроведе обука на четири лица вработени во Договорниот орган, која треба да се спроведе во просториите на договорниот орган. За потребите на обуката, носителот на набавката треба да изработи прирачник за администрирање со веб страницата заедно со интранет делот, кој ќе им биде даден во хартиена и електронска форма на обучените лица од страна на договорниот орган.

**Минимални карактеристики:**

Специјално дизајниран кориснички web интерфејс, визуелно адекватен на профилот на Државниот завод за ревизија и неговата дејност, оптимизиран за лесна и брза навигација логичко и ефикасно прелистување на податоците на сајтот – оптимална вертикална и хоризонтална организација на менито на сајтот и т.н. “friendly user“ пристап до потребните информации поставени на web – страницата.

Платформа односно систем за управување на содржини базирани на последните стандарди во изработката на веб-страници со релациона база на податоци. Веб страницата треба да биде целосно динамична со можности лесно да се шири, менува и менаџира.

Веб страницата да содржи систем на безбедносно и релевантно документирање на хронолошките операции, процедури, настани и активности подржан со привилегиран режим на работа.

Веб странаta треба да биде поддржана минимум од следните пребарувачи и оперативни системи: Chrome (Mac, Windows, iOS, and Android), Safari (Mac and iOS only), Firefox (Mac, Windows) и Internet Explorer (Windows).

Веб страницата треба да има HTTP Secure (HTTPS) безбедносен комуникациски протокол за пренос на хипертекст (HTTP) за безбедна комуникација преку компјутерска мрежа и Интернет.

Имплементација на позадинска административна апликација, модул на административен панел наменет за менаџирање на содржините во склоп со апликација поткрепена со база на податоци за објавување на истите и афтентицирање при пристапот до системот за ажурирање и менаџирање на содржините.  Системот за администрирање и менаџирање треба да не бара напредни информатички познавања.

SEO Оптимизација на сајтот
Поврзување на страната со google analytics .

Предложеното решение треба да овозможи функционална поддршка на сите извори и типови на информации и податоци кои треба да се објавуваат. Предложеното решение треба да овозможи поставување на документи од секаков формат, како и аудио и видео фајлови, како и можност за организирање на информации од различни типови, формати и извори за лесно користење на содржинска структура.

Автоматска (временска) можност за back-up на веб страницата и новите содржини, податоци и информации кои ќе се поставуваат/објавуваат.
Надоградба и додавање нови типови модули за зголемување на функционалноста.

Предложеното решение треба да овозможи поставување и управување со банери, управување со менија, категоризирана галерија со слики.

**Елементи на веб страната кои треба да ги содржи:**

- Главно мени
- Споредно мени
- Лого на Државниот завод за ревизија
- Мени за избор на јазична верзија на страницата
- Пребарување на целокупната содржина на сајтот кој би работел во два режима-првиот без филтрирање и дополнителни услови, а вториот со можност за пребарување со дефинирање на низа параметри и услови за филтрирање таканаречен напреден режим на пребарување.
- Вести / новости
- Слајдер со слики и текст поврзани со линкови
- Брзи линкови со икона и текст кои ќе водат до внатрешни и надворешни страни
- Календар на настани
- Времеплов (timeline) интерактивна визуелизација во која ќе бидат прикажани кратки текстови по година.
- Контакт информации каде што ќе бидат претставени адресните податоци, адреса, телефонски број, како и мапа со локација.
- Контакт форма за поставување на прашања.
- RSS дистрибуција на вести,
- поврзување со социјални мрежи
- мапа на сајтот

**Посебни елементи на веб страната кои треба да ги содржи:**

- Ревизорски извештаи – можност за групирање по години, типови на ревизија, поттип на ревизија, тема/област на ревизија, датум на објавување.
- Годишна програма за работа – визуелно презентирање на статусот на ревизијата.
- Ревизии – можност за групирање по години, типови на ревизија, поттип на ревизија, фази во ревизијата, датум на започнување. Податоците ќе се добиваат од друг апликативен систем во определена форма, која автоматски треба да се вчитува на веб страната периодично. Воедно да постои и можност за мануелно менување на податоците.
- Ревизорски наоди – групирање по субјект на ревизија, година на годишна програма, содржина на наодот, вид на наодот. Податоците ќе се добиваат од друг апликативен систем во определена форма, која автоматски треба да се вчитува на веб страната периодично. Воедно да постои и можност за мануелно менување на податоците.
- Ревизорски препораки – групирање по субјект на ревизија, година на годишна програма, содржина на препораката, статус на препораката, извор на промена на статусот на препораката. Податоците ќе се добиваат од друг апликативен систем

во определена форма, која автоматски треба да се вчитува на веб страната периодично. Воедно да постои и можност за мануелно менување на податоците.

- Општи информации за Државниот завод за ревизија – историјат, организација, стратешки документи, меморандуми, протоколи, публикации, вработени.
- Прописи и стандарди – закони, правилници, декларации, резолуции, стандарди.
- Јавни набавки
- Соопштенија
- Прес / новинарски прашања
- Политички партии – објавување на извештаите од политичките партии.
- Слободен пристап до информации
- Предлози / Прашања.

**Носителот на јавната набавка треба да изработи три предлог решенија на дизајн на почетната страна (Home Page) на Државниот завод за ревизија.**
**Конечното решение да се достави во работна верзија.**

**Изворен код (source code)**

Новата веб страница на Државниот завод за ревизија може да биде изработена на бесплатна open source CMS платформа (WordPress, Drupal, Joomla и друго), или на друг CMS (content management system) со пренесени права врз програмскиот код (source code) на Државниот завод за ревизија.

Програмскиот код (source code) мора да биде соодветно документиран и спакуван во форма која за договорниот орган ќе овозможи лесно одржување и понатамошен развој или надградба на софтверската апликација. Носителот на набавката е должен при предавањето на програмскиот код на договорниот орган да му испорача и алатки и програмска документација, која овозможува самостојно и независно програмирање и менување на функционалностите на системот (додавање и бришење на табови и подтабови, менување на бои и нијанси и слично), без интервенција на носителот на набавката.

**Јазик**

Веб страницата на Државниот завод за ревизија треба да биде изработена во три верзии на македонски, англиски и албански јазик.

**Рок и начин на извршување**

Носителот на набавката е должен да направи детална анализа на комплетните кориснички барања во рок од 30 дена од денот на потпишување на договорот.

Носителот на набавката во рок од 75 дена од денот на потпишување на договорот треба да достави три предлог решенија на дизајн на почетната страна (Home Page) на Државниот завод за ревизија.

По одобрување на дизајнот од Договорниот орган, Носителот на набавката треба да направи изработка на новата веб страна во рок од 60 дена од денот на одобрување на решението.

Носителот на набавката треба да ги мигрира сите документи и содржини од старата веб страна на новата веб страна 180 дена од денот на потпишување на договорот но не подолго од 15.12.2019 година.

Носителот на набавката треба да одржи обука на определените администратори од Државниот завод за ревизија и да изработи кориснички упатства.

Прифаќање на веб страната и изворниот код и пуштање во употреба 180 дена од денот на потпишување на договорот, но не подолго од 15.12.2019 година.

**Хостирање и Одржување на веб страна**

Под хостирање и одржување на веб страната на Државниот завод за ревизија се подразбира непречено и континуирано функционирање на веб-страната/порталот и опфаќа:

- Хостирање на веб страната кај носителот на набавката и достапност на страната. Хостирање на веб страната da опфати минимум 10 GB веб простор, минимум 5 вклучени поддомени, минимум 100 GB месечен сообраќај и гарантирана големина на фајловите кои можат да се прикачат (до 30 MB) и поддршка со релациона база на податоци. Напомнуваме дека потребата од лиценци за пристап, треба да се трајни, и истите се на товар на понудувачот.
- разрешување на технички проблеми на поврзани со функционалноста на порталот превентивна системска дијагностика
- обезбедување на проектираните перформанси на системот (3 секунди
- Телефонска поддршка;
- Заштита на податоци и превентивна дијагностика
- Back up на целокупната содржина на веб страницата и архивирање на податоците
- Интервенции во дизајн и структура на порталот
- Воведување на нова софтверска обнова верзии, консолидација на нови верзии на софтверот кој се користи за порталот
- Подигање на безбедноста на порталот

- Потребно е да се обезбеди техничка поддршка (администрација) секој работен ден (50 часа неделно) од 08,00 часот за интервенции на веб страницата од технички аспект.
- FTP пристап со корисничко име и лозинка (на целата содржина на страницата) со неограничен број на FTP ажурирања;
- Потребно е да биде гарантирана бесплатна интервенција во изворниот код на решението за сите непредвидени грешки, во периодот на времетраењето на договорот, односно 3 (три) години од потпишувањето на договорот.